# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**20.07.2021 год.** **Бр.IX**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 72-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 19.07.2021 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 72-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 19.07.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-858/1 од 20.07.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. Весник на РСМ”, бр.32/2020 година), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево (,,Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, бр.16/2014, бр.7/2019 и бр.7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 19.07.2021 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година број 08-1322/11 од 29.12.2020 година, Измената и дополнувањето на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година број 08-108/17 од 22.01.2021 година и Измената и дополнувањето на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година број 08-395/18 од 21.04.2021 година се вршат измени и дополнувања:

После став 4.3 се додаваат два нови става 4.4 и 4.5 :

**4.4. Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП 2461 и КП 2462 КО Крушево-вгр, Општина Крушево.**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Урбанистичкиот проект за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



**4.5. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 2463, 2464, 2465, 2466, 2467 и КП 2468, КО Крушево-вгр, Општина Крушево,**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Урбанистичкиот проект за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа
програма.



2. Ова изменување и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година број 08-1322/11 од 29.12.2020 година, Измената и дополнувањето на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година број 08-108/17 од 22.01.2021 година и Измената и дополнувањето на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година број 08-395/18 од 21.04.2021 година.

**Бр.08-840/3 од 19.07.2021 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа на Република Македонија (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 34 и 38 од Законот за културата (“Сл.весник на Р.М.” бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. ПАНДОРА СТЕВАНОСКА, дипломиран економист од Крушево ул.”Манчу Матак” бр.22, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево од редот на вработените.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор по објавен Јавен оглас, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише Јавен оглас за директор.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, Пандора Стеваноска мандатот му престанува на 13.07.2021 година.

Согласно член 34 од Законот за културата, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без Јавен оглас, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.

**Бр.04-81/2 од 12.07.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 72-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………….. 1
2.Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година ……………………………….. 1
3. Решение за именување на ВД директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево ………………………….. 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.